**20260110185**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ФИСКУЛТУРНИ САЛИ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2026 година.

Бр. 08-456/1
21 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ФИСКУЛТУРНИ САЛИ

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Банката за развој при Советот на Европа со заем во износ од 20.000.000 евра, наменет за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Рамковниот договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Банката за развој при Советот на Европа.

Во име на Република Северна Македонија, Рамковниот договор за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлекува во најмалку две транши.

За секое повлекување на износот од заемот во транша, Банката за развој при Советот на Европа ќе издаде Известување за повлекување, во кое ќе бидат утврдени конечните финансиски услови на траншата, меѓу кои се: износот на траншата, датумот на исплата, каматната стапка, рокот на отплата и останатите услови за повлекување на средствата.

Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша одделно во Известувањето за повлекување на траншата.

Рокот на отплата на секоја транша од заемот од членот 1 од овој закон е најмногу 20 години, со вклучен грејс-период до пет години.

Член 4

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно во Известувањето за повлекување на траншата од членот 3 став 2 од овој закон.

Член 5

Проектот за изградба на фискултурни сали од Рамковниот договор за заем од членот 2 став 1 од овој закон, ќе го реализира Министерството за образование и наука.

Член 6

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.